РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ“
Бр. 02/441/4
07.11.2024
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 и член 53 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/2023 и 53/2024), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 07.11.2024 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ НА СЛУШАТЕЛИТЕ НА ПОЧЕТНАТА ОБУКА ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

## Член 1

Во членот 4 став 1 од Правилникот за полагање на завршниот испит на слушателите на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (бр. 02-120/4 од 29.2.2024 година) зборовите „еден месец“ се заменуваат со зборовите „15 дена“.

## Член 2

(1) Во членот 8, став 1 зборовите „два месеца“ се заменуваат со зборовите „еден месец“.

(2) Во ставот 2, алинеја 3 зборовите „меѓународно право и право на ЕКЧП“ се заменуваат со зборовите „улогата и функцијата на судија и на јавен обвинител, според Законот за судови и Законот за јавно обвинителство и“.

(3) Во ставот 2, алинеја 4, зборовите „право на ЕУ“ се заменуваат со зборовите „професионалното и етичкото однесување на судиите и јавните обвинители според Кодекс за етика на судиите и судиите поротници и Етичкиот кодекс на Јавните обвинители во Република Северна Македонија.“

(4) Во ставот 2, алинеите 5 и 6 се бришат.

**Член 3**

(1) Во членот 9, став 5 зборовите „испитните задачи“ се заменуваат со зборовите „студиите на случај“.

(2) Во ставот 8 зборовите „испитни задачи“ се заменуваат со зборовите „студии на случај“.

(3) Ставот 9 се менува и гласи „За изработката на секоја пресуда/решение односно обвинение се предвидени 180 минути“.

(4) Ставот 10 се брише.

**Член 4**

Член 10 се менува и гласи:

(1) На писмениот дел од испитот слушателите можат да добијат најмногу 35 бода.

(2) Секој член на Комисијата, задолжително, на посебен образец за оценување ги оценува изработените акти и дава образложение за оценката.

(3) За изработка на граѓанска/кривична одлука, членовите на Комисијата ги оценуваат следниве критериуми:

- изработка на одлуките на јасен и разбирлив начин (увод, изрека и образложение);

-утврдување на решителните факти и анализа на доказите;

- прописите врз основа на кои судот ја засновал одлуката и

- правно образложение на аргументите за одлуката.

(4) За изработка на обвинителен акт/предлог се оценуваат следниве критериуми:

- правилно утврдување на факти и околности кои произлегуваат од кривичната пријава или пријава за настан;

- изработка на одлуките на јасен и разбирлив начин (форма и содржина на одлуката);

- правилно утврдена правна квалификација, со јасна изрека и

- предлагање на докази со кои се докажува обвинението.

(5) Секој член од Комисијата за секој од четирите наведени критериуми може да даде оценка од 0 до 5 бода, а конечниот број бодови од писмениот испит се добиваат на начин што се пресметува средната аритметичка оценка од секој член на Комисијата и на крај се собира со добиените бодови од секој член на Комисијата, заокружени на број до втора децимала.

(6) Откако сите членови ќе ги внесат бодовите, секретарот на Комисијата ги внесува на посебен образец за оценувње и истиот се приклучува во досието за завршен

испит на слушателите.

**Член 5**

(1) По членот 10 се додава нов член 10-а , кој гласи:

**„Симулација на судење**

(1) Слушателите што писмено изработиле пресуда/решение во граѓански случај во симулацијата добиваат улога на судија или јавен обвинител во кривичен случај, додека оние слушатели коишто писмено изработиле пресуда/решение во кривичен случај добиваат улога на судија во граѓански случај.

(2) Поделбата на слушателите за вршење улога на судија во кривичен случај, судија во граѓански случај или јавен обвинител се врши со ждрепка, по завршување на писмениот дел од завршниот испит, а во согласност со претходниот став од овој член“.

**Член 6**

(1) Во членот 11, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи: „ (2) Студиите на случај за симулациите на судење ги изработуваат предавачите на Академијата и се фиктивни, со јасна фактичка ситуација и податоци (број на предмет, докази, имињата на странките, судиите, јавниот обвинител, записничарот, сведоците и сите други податоци врз чија основа може да се одржи симулирано судење). “

(2) Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

**Член 7**

(1) Во членот 12, став 1, зборовите „Комисијата“ се заменуваат со зборовите „Академијата“.

(2) Во ставот 2, по зборовите „има соработка“ се додаваат зборовите „или на студенти од правните факултети од државата“.

(3) Ставот 4 се менува и гласи: „ По полагањето на писмениот дел од испитот слушателите влечат број според кој се определува редоследот на полагање на симулациите“.

**Член 8**

Во членот 14 став 1, бројот „120“ се заменува со „75“.

**Член 9**

(1) Во членот 15, став 4, зборовите „и истиот претставува основа за оценување “ се бришат.

(2) По ставот 5, се додава нов став 6, кој гласи „(6) Симулацијата задолжително се снима. “

**Член 10**

По членот 15 се додава нов член 15-а, кој гласи:

**„Оценување на симулација на судење од завршниот испит**

**Член 15-а**

(1) На симулацијата на судење слушателите можат да добијат најмногу 35 бода.

(2) Оценувањето на реализираните симулирани судења во улога на судија на главна расправа во кривична постапка и во граѓанска постапка се врши врз основа на следните критериуми:

- способноста за подготовка на предметот за судење;
- способноста за раководење со главна расправа во кривичен и во граѓански предмет;
- односот со странките и со другите учесници во постапката за време на судењето и
- познавањето на материјалните и на процесните закони и нивната правилна примена во практиката.

(3) Оценувањето на реализираните симулирани судења во улога на јавен обвинител на главна расправа се врши врз основа на следните критериуми:

- способноста за подготвување на предметот за судење и познавањето на материјалниот и на процесниот закон;
- способност за давање воведни зборови и способноста за давање завршен збор;
- способност за директно, вкрстено и дополнително испитување и
- односот со судот, одбраната и другите учесници во постапката.

(4) Секој член од Комисијата за секој од четирите наведени критериуми може да даде оценка од 0 до 5 бода, а конечниот број бодови од симулираното судење

се добиваат на начин што се пресметува средната аритметичка оценка од секој член на Комисијата и на крај се собира со добиените бодови од секој член на Комисијата, заокружени на број до втора децимала.

(5) Откако сите членови ќе ги внесат бодовите, секретарот на Комисијата ги внесува на посебен образец за оценување."

**Член 11**

(1) Во членот 16, став 1, по зборовите „ во рок што ќе го определи Комисијата", се додаваат зборовите „а најмногу во рок од седум денови по завршување на симулациите на судење".

(2) Во ставот 2 зборовите „шест " се заменуваат со зборовите „четири".

(3) Во ставот 2, алинеја 1, зборот „две" се заменува со зборот „ едно".

(4) Во ставот 2, алинеја 2, зборот „две" се заменува со зборот „ едно".

**Член 12**

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) На усниот дел од испитот слушателите можат да добијат најмногу 30 бода.

(2) Прашањата од кои се оценуваат ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската односно на јавнообвинителската функција, слушателите ги влечат од претходно подготвена база на прашања за усниот дел.

(3) Во посебен образец за оценување подготвен од Академијата, секој член од Комисијата задолжително го оценува секое прашање од 0 до 7,5 бода, притоа оценувајќи ги следните критериуми:

- стекнатите знаења на слушателот,
- правно аргументирање и,
- способноста за јасно зборување и изразување.

(4) Секој член од Комисијата за наведените три критериуми може да даде од 0 до 2.5 бодови.

(5) Членот на Комисијата задолжително во образецот за оценување дава образложение на оценката на секое прашање.

(6) Конечните бодови од усниот дел се пресметуваат на начин што се пресметува вкупниот збир на добиени бодови од секој член на Комисијата од сите четири прашања и збирот на бодови добиени од сите членови на Комисијата се дели со бројот на членови на Комисијата и се добива број до втора децимала

**Член 13**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување и се објавува на веб страницата на Академијата.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Претседател на Управен одбор,**
**Судија Беким Мехмеди**

______________________________